РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП
Бр. 0201-543/23
09 07 20 25 год.
Ш Т И П

Врз основа на член 94 од Законот за високото образование („Службен весник“ бр. 82/18, бр. 178/21, бр. 58/24 и бр. 124/25), **Универзитетскиот сенат** на **245.** седница, одржана на **09.07.2025** година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА

**за доделување партиципации на студенти кои ќе бидат запишани на прв циклус на студиските програми за прва година на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип во учебната 2025/2026 година**

**Член 1**

Се дава согласност за доделување партиципации на студенти кои ќе бидат запишани на прв циклус на студиските програми за прва година на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како редовни студенти во државна квота, во првиот уписен рок во учебната 2025/2026 година. Останатите трошоци студентите си ги покриваат сами.

**Член 2**

Студентите кои ќе добијат партиципација од Универзитетот, се ослободуваат од плаќање за студирање во прва година, а рангирањето на студентите ќе се врши врз основа на постигнатиот успех од средно образование, кој не треба да е под 80 поени.

**Член 3**

Универзитетот ќе обезбеди партиципации за прворангираните студенти и тоа:

1. **Факултет за медицински науки** – партиципација за најдобрите 20 рангирани кандидати на конкурсот за упис на студенти (10 на студиската програма Општа медицина, 5 на студиската програма Фармација и 5 на студиската програма Дентална медицина);
2. **Факултет за информатика** – партиципација за најдобрите 10 рангирани кандидати на конкурсот за упис на студенти;
3. **Земјоделски факултет** – партиципација за најдобрите 10 рангирани кандидати на конкурсот за упис на студенти;
4. **Факултет за природни и технички науки** – партиципација за најдобрите 10 рангирани кандидати на конкурсот за упис на студенти;
5. **Економски факултет** – партиципација за најдобрите 10 рангирани кандидати на конкурсот за упис на студенти;
6. **Правен факултет** – партиципација за најдобрите 10 рангирани кандидати на конкурсот за упис на студенти;

7. **Факултет за туризам и бизнис логистика** – партиципација за најдобрите 10 рангирани кандидати на конкурсот за упис на студенти;

8. **Електротехнички факултет** – партиципација за најдобрите 5 рангирани кандидати на конкурсот за упис на студенти;

9. **Машински факултет**– партиципација за најдобрите 5 рангирани кандидати на конкурсот за упис на студенти;

10. **Технолошко-технички факултет** – партиципација за најдобрите 5 рангирани кандидати на конкурсот за упис на студенти;

11. **Факултет за образовни науки** – партиципација за најдобрите 5 рангирани кандидати на конкурсот за упис на студенти;

12. **Музичка академија** – партиципација за најдобрите 5 рангирани кандидати на конкурсот за упис на студенти;

13. **Ликовна академија** – партиципација за најдобрите 2 рангирани кандидати на конкурсот за упис на студенти;

14. **Филмска академија** – партиципација за најдобрите 2 рангирани кандидати на конкурсот за упис на студенти.

**Член 4**

Студентите што ќе имаат исти поени по рангирање, ќе бидат земени во предвид за ослободување од партиципација, без разлика на вкупната предвидена бројка од член 3 на оваа одлука.

**Член 5**

Студентите од ромска националност, кои ќе се запишат во учебната 2025/2026 година, се ослободуваат од плаќање на партиципација за прв и втор семестар. Останатите трошоци студентите си ги покриваат сами.

**Член 6**

Одлуката не се однесува на студенти што завршиле средно образование пред учебната 2006/2007 година и не полагале државна матура.

**Член 7**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**Изработил:** Советник за општи и правни работи,
М-р Кристина Ѓорѓиевска

**Одобрил:** Генерален секретар
М-р Ристо Костуранов

Претседател на Универзитетски сенат
Проф. д-р Снежана Мирасчиева